ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:** Јавната здравствена установа Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел“ Битола

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка за сопствени приходи - 531

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со релевантната законска регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

- исплатуван е надоместок за одвоен живот за специјализантите во време кога специјалистичкиот стаж бил прекинат;
- постојат неправилности во начинот на кој што се врши благајничкото работење и издавање на фискални сметки за извршени здравствени услуги;
- масло за греење во износ од 1.618 илјади денари не е евидентирано во сметководствена и материјална евиденција;
- не е воспоставена целосна евиденција на опремата која се дава на користење при склучување на договор за закуп;
- недоследности при спроведувањето на јавните набавки.

**Издадено мислење/заклучок*:**

мислење со резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и неповолно мислење за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2020 година финансиските трансакции со законската регулатива.

**Клучни препораки:**

- воспоставување на контроли при благајничко работење и издавање на фискални сметки за секоја извршена здравствена услуга;
- целосно надоместување на неосновано исплатените надоместоци за одвоен живот;
- сметководствено и материјално евидентирање на приемот и потрошувачката на маслото за греење;
- изготвување записници со кои точно ќе се утврди површината на издадениот простор под закуп и опремата дадена на користење;
- обезбедување конкуренција, сразмерност и економично користење на средствата при спроведувањето на постапките за јавни набавки.

**Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет:**
Здравствениот дом има ненаплатени побарувања од Министерството за извршени здравствени услуги по програми за здравствена заштита во износ од 8.309 илјади денари.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:** добиени се забелешки на една точка од Нацрт извештајот кои се разгледани, при што е оценето дека истите не се прифаќаат бидејќи не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание за промена на констатираната состојба.

*** позитивно, со резерва, неповолно, воздржување**

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk